ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја |
| Одговорно лице и контакт информации: | Нада Симјаноска – Раководител на сектор<br><br>nadasimjanoska@mjustice.gov.mk<br><br>cabinet@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒ Друго/ Извештај од 15-тиот состанок на Конференција на страните на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | јули 2024 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | август 2024 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |

| | |
|---|---|
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | __август__ 2024 година |

1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот:

*1.1 Опис на состојбите*

На 15-тиот состанок на Конференција на страните на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам одржан на 9-10 ноември 2023 година во Стразбур, Франција, Секретаријатот на Совет на Европа ја презентираше изготвената анализа за имплементација на ставот 2 од членот 25 од Конвенцијата, за Република Северна Македонија. Во анализата е констатирано дека Република Северна Македонија не го усогласила законодавството со барањата кои произлегуваат од членот 25 став 2.

Имено, во членот 25 став 2 од Конвенцијата е предвидено дека при постапување по барање поднесено од друга Страна во согласност со членот 23 со кој се уредува обврската за конфискација и членот 24 со кој се уредува извршувањето на конфискацијата, Страните, до степен што го дозволува домашниот закон и доколку тоа се бара, ќе дадат приоритет конфискуваниот имот да и се врати на Страната барател така што таа ќе даде надоместок за жртвите на криминал или ќе го врати таквиот имот на нивните законски сопственици.

Едновремено се врши усогласување со член 57 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата („Службен Весник на РМ бр.37/07 од 26.03.2007).

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Постојните законски одредби од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја не се усогласени со членот 25 став 2 од Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам.

Во член 95 и член 96 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја не е јасно дефинирана обврската за давање на приоритет конфискуваниот имот да се врати на страната барател, на начин што таа ќе даде надоместок за жртвите на криминал или ќе го врати таквиот имот на нивните законски сопственици, поради што е неопходна законска измена, со која би се постигнало потребното усогласување со Конвенцијата.

2. Цели на предлог регулативата

1. Усогласување со членот 25 став 2 од Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам.

2. Унапредување на меѓународната соработка во областа, со ставање на акцент на жртвите и оштетените во кривичните постапки, особено имајќи во предвид дека во националните законодавства е исклучително тешко да се

обесштетат оштетените и жртвите, а тоа може да биде особено комплицирано во услови на меѓународен криминал.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку не се донесат соодветни измени на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, нема да постои механизам со кој Република Северна Македонија ќе може да обезбеди дека имотот и средствата обезбедени по пат на конфискација ќе бидат вратени на оштетените и жртвите на криминал во странската држава.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Регулаторна мерка: Да се донесат измени на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, со одредби за воведување механизам со кој Република Северна Македонија ќе може да обезбеди дека имотот и средствата обезбедени по пат на конфискација ќе бидат вратени на оштетените и жртвите на криминал во странската држава.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

Опција „не прави ништо": Има посредно негативно влијание што може да произлезе поради оценки за неусогласеност на законодавството со меѓународните стандарди во областа.

Опција Регулаторна мерка: Има посредно позитивно влијание што произлезгува од оценки за усогласеност на законодавството со меѓународните стандарди во областа, особено од аспект на уреденост на соработка со други држави кои за нив имаат економски и фискални влијанија.

### *4.2 Фискални влијанија*

Опција „не прави ништо": Нема фискални влијанија.

Опција Регулаторна мерка: Има фискални импликации кои се повеќекратно помали негативните влијанија од непостоењето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал.

*4.3 Социјални влијанија*

Опција „не прави ништо": Има посредно негативно влијание, бидејќи непостоењето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал не придонесува за подобрување на нивната социјална и економска состојба.

Опција Регулаторна мерка: Има посредно позитивно влијание, бидејќи воведувањето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал придонесува за подобрување на нивната социјална и економска состојба.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Опција „не прави ништо": Може да има посредно негативно влијание во случаи на дела против животната средина, бидејќи непостоењето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал не придонесува за подобрување на нивната состојба и состојбата со животната средина.

Опција Регулаторна мерка: Може да има посредно позитивно влијание во случаи на дела против животната средина, бидејќи воведувањето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал придонесува за подобрување на нивната состојба и состојбата со животната средина.

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

Опција „не прави ништо": Не предзивикува дополнителни трошоци за спроведување.

Опција Регулаторна мерка:

- паричен надоместок за претседателот, членовите и секретарот на Комисијата за усогласување на ставови за склучување на договор за распределба на имот и имотна корист,
- трошоци за обука на судии и јавни обвинители (обезбедени во рамките на Буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители, во рамките на програмата за континуирана обука),
- трошоци за јакнење на капацитетите:
- обезбедување дополнителни човечки ресурси, во Секторот за меѓународна правна помош во Министерството за правда најмалку двајца вработени и во Одделението за меѓународна правна помош во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија најмалку тројца вработени кои ќе работат на оваа проблематика,
- обезбедување материјално-технички услови за институциите надлежни за спроведување на законот.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Министерство за правда, Врховен суд на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Канцеларијата за поврат на имот, Кабинет на Заменик-Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, Секретаријат за законодавство, Министерство за надворешни работи, Државно правобранителство на Република Северна Македонија, Министерство за финансии и Агенција за управување со одземен имот.

Начин на вклучување: Консултации за време на подготовката на предлог законот

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Предлогот на законот ќе биде доставен на мислење до Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Канцеларијата за поврат на имот, Кабинетот на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Секретаријатот за законодавство, Министерството за надворешни работи, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии како и Агенцијата за управување со одземен имот.

За нацрт-законот ќе се побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата (за спроведување анти-корупциска проверка).

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Во оваа фаза не се добиени мислења.

6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Во однос на економските влијанија, опцијата „не прави ништо" има посредно негативно влијание што може да произлезе поради оценки за неусогласеност на законодавството со меѓународните стандарди во областа додека опцијата Регулаторна мерка има посредно позитивно влијание што произлегува од оценки за усогласеност на законодавството со меѓународните стандарди во областа, особено од аспект на уреденост на соработка со други држави кои за нив имаат економски и фискални влијанија.

Во поглед на фискални влијанија опцијата „не прави ништо“ нема фискални влијанија. Опцијата Регулаторна мерка има фискални импликации кои се повеќекратно помали негативните влијанија од непостоењето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал.

Социјални влијанија

Опцијата „не прави ништо“ има посредно негативно влијание, бидејќи непостоењето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал не придонесува за подобрување на нивната социјална и економска состојба. Опцијата регулаторна мерка има посредно позитивно влијание, бидејќи воведувањето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал придонесува за подобрување на нивната социјална и економска состојба.

Во однос на влијанијата врз животната средина опцијата „не прави ништо“ може да има посредно негативно влијание во случаи на дела против животната средина, бидејќи непостоењето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал не придонесува за подобрување на нивната состојба и состојбата со животната средина. Опцијата Регулаторна мерка може да има посредно позитивно влијание во случаи на дела против животната средина, бидејќи воведувањето механизам со кој конфискуваните средства доаѓаат до оштетените и жртвите на криминал придонесува за подобрување на нивната состојба и состојбата со животната средина.

Административни влијанија и трошоци

Опција „не прави ништо“: Не предзивикува дополнителни трошоци за спроведување.

Опција Регулаторна мерка:

- паричен надоместок за претседателот, членовите и секретарот на Комисијата за усогласување на ставови за склучување на договор за распределба на имот и имотна корист,
- трошоци за обука на судии и јавни обвинители (обезбедени во рамките на Буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители, во рамките на програмата за континуирана обука),
- трошоци за јакнење на капацитетите:
- обезбедување дополнителни човечки ресурси, во Секторот за меѓународна правна помош во Министерството за правда најмалку двајца вработени и во Одделението за меѓународна правна помош во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија најмалку тројца вработени кои ќе работат на оваа проблематика,
- обезбедување материјално-технички услови за институциите надлежни за спроведување на законот.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Опција „не прави ништо“: Ризици што прозлегуваат од неусогласеност со меѓународните стандарди во областа и негативните влијанија што неусогласеноста ги или може да ги предизвика неостварувањето на обврските преземени со ратификувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам и Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата.

Опција Регулаторна мерка: Необезбедување доволни човечки и материјално-технички ресурси за институциите надлежни за спроведување на предложената регулаторна мерка.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Регулаторна мерка: Да се донесат измени на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја.

Образложение:

Се препорачува во Законот за меѓународна соработка во кривичната материја да се вгради одредба со која Република Северна Македонија ќе обезбеди ефективен механизам со кој се гарантира дека вратените средства во странската држава ќе бидат доставени до оштетените и жртвите на криминал, а истовремено ќе се обезбеди и приносите од кривични дела од областа на корупција во целост да бидат вратени на странската држава.

7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Потребно е да се донесе правилник со кој ќе се пропише начинот на водење на преговори, распределба, конфискација на имот и имотна корист, како и предавање на одземени предмети и имотна корист во странство, во рок од една година од донесувањето на Законот.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Влада на Република Северна Македонија, Министерство за правда, Врховен суд на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Канцеларија за поврат на имот, Кабинет на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Секретаријат за законодавство, Министерство за надворешни работи, Државно

правобранителство на Република Северна Македонија, Министерство за финансии, Агенција за управување со одземен имот.

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Организирање континуирана обука за судии и јавни обвинители, во рамки на програмите на Академијата за судии и јавни обвинители.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Министерството за правда ќе го следи спроведувањето и ќе биде надлежно за вршење надзор преку собирање, обработка и анализа на собраните податоци за предметите од областа на меѓународната правна помош. Следењето на спроведувањето на законот ќе се врши и со доставување на извештаи до Владата на Република Северна Македонија, како и до меѓународните институции и организации кои бараат статистички податоци по овие предмети

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

**1. Индикатор за решени предмети (РП Индикатор)**

Овој индикатор се однесува на: колку барања за конфискација на имот се примени, колку од нив се земени во работа, колку завршиле со конфискација и колкава вредност од имотот е вратена во странство а колкава е слеана во Буџетот на Република Северна Македонија.

Ефектите ќе се оценуваат преку соодносот помеѓу примени барања за конфискација и реализирани барања за конфискација, односно вратени средства, изразено во проценти, со тоа што доколку нема примени барања во периодот, процентот на успешност ќе биде 100%.

$$\text{РП} = \frac{\text{Број на примени барања}}{\text{Вратени средства}}$$

**2. Индикатор за стапка на ефикасност (СЕ – Индикатор)**

Овој индикатор го покажува односот меѓу бројот на одржани состаноци на комисијата и резултатите од работата на комисијата (вредност во македонски денари слеана во Буџет), изразен како коефициент на ефикасност.

$$\text{СЕ} = \frac{\text{Број на одржани состаноци}}{\text{Вредност во МКД денари}}$$

### 3. Индикатор за вкупен заостаток на предмети (ВЗП – Индикатор)

Овој индикатор ни го покажува вкупниот број на нерешени предмети на крајот на периодот и се пресметува така што бројот на решени предмети во периодот се минусира од вкупниот број на предмети во работа.

ВЗП = вкупен број на предмети во работа - бројот на решени предмети во периодот

### 4. Индикатор за решавање на заостатокот на предмети (РЗП – Индикатор)

Овој индикатор претставува однос меѓу бројот на предметите и времето на решавање на предметите, при што се добива потребното време за решавање на вкупниот заостаток на предмети.

$$\text{РЗП} = \frac{\text{Вкупен заостаток на предмети (ВЗП) X 365 дена}}{\text{Број на завршени предмети во текот на годината}}$$

### 5. Просечно потребни денови за решавање на ново примените предмети (ПДНПП – Индикатор)

Овој индикатор го покажува потребниот број на денови за решавање на ново примените предмети кои не биле завршени и се добива така што од бројот на примени предмети се одзема бројот на решени предмети, при што добиениот резултат се множи со бројот на денови во соодветниот период. Добиениот резултат се дели со бројот на решени предмети.

$$\text{ПДНПП} = \frac{\text{(број на ново примени предмети - број на решени предмети) X број на денови во периодот}}{\text{Број на решени предмети}}$$

### 6. Индикатор за процентот на ново примени предмети кои не се решени (ННП – Индикатор)

Овој индикатор го покажува процентот на ново примени предмети кои не се решени во текот на определен период. Се добива така што од бројот на ново примени предмети се одзема бројот на решени предмети, при што помножениот резултат со 100 се дели со бројот на ново -примени предмети.

$$\text{ННП} = \frac{\text{(број на ново примени предмети - број на решени предмети) X 100}}{\text{Број на ново примени предмети}}$$

Рок: По истекот на три години од денот на неговата примена би можело да се даде соодветна евалуација на ефектите од примената на овој закон, кои би биле релевантен показател на ефектот на примена на одредбите од законот.

Изјава од министерот

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 23.07.2024

Министер за правда
Игор Филков

Подготвиле:
Гордана Милевска
Ангела Ѓорѓиевска
Лазар Тасев